РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09-10/156
26.11. 20 24 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

До директорот на:

ООУ„ Рајко Жинзифов"- Г. Оризари, Велес

**Предмет:** Давање мислење по доставени Програми за екскурзии и други слободни ученички активности за учебната 2024/2025 година

**Број: Барање 03-463/1** од 15.11. 2024 година

Почитуван/а,

Врз основа на Правилникот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни ученички активности на учениците во основните училишта, бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година, а во согласност со член 42, став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.161/19), Ве известуваме дека Вашите Програми за организација и изведување на екскурзии и други слободни ученички активности со бр. 03-463/1 од 15.11.2024 година **ги исполнува** критериумите пропишани со правилникот.

**Со почит,**

Изготвил: м-р Татјана Лазарова Осоговска, советник

Контролирал: м-р Бети Денков, раководител, ПО-Штип

Одобрил: м-р Оливер Станојоски

Биро за развој на образованието,

вд. Заменик директор

м-г Shpresa Selimi

**Прилог:** Стручно мислење за иведување екскурзии и други ученички активности

08-10/156

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

- **Предмет: Стручно мислење за изведување ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од ООУ „Рајко Жинзифов"- Г.Оризари, Велес**
- **Барање: 03-463/1 од 12.11. 2024 година**

Почитуван/а,

Бирото за развој на образованието го разгледа Вашето барање за стручно мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности доставено на 15.11. 2024 година.
**Мислењето е изготвено и Ви се доставува** врз основа на Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта , а по разгледување на Програмите доставени од Ваша страна за учебната 2024/2025 година и тоа:

- *Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III, VI и IX одделение;*
- *Програма за реализација на слободна активност-излет за учениците од I и II одделение;*
- *Програма за реализација на слободна активност за учениците од IV, V,VII и VIII одделение;*

Врз основа на доставените програми може да се констатира дека истите се изготвени во согласност со Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Во програмите се опишани воспитно-образовните цели, содржината и активностите, раководителите на екскурзиите, наставниците кои ќе патуваат со учениците од

соодветните одделенија, времетраењето, локациите за посета, правците на патување, техничката организација и начинот на финансирање.

*Имајќи ги во предвид наведените податоци, Бирото за развој на образованието смета дека Вашите Програми за изведување на ученички екскурзии се во согласност со позитивните законски прописи и Правилникот за реализација на екскурзии, излети и други ученички активности и истите можат да се реализираат.*

Со почит,

Изготвил: м-р Татјана Лазарова Осоговска, советник

22.11.2024 година, Кочани

соодветните одделенија, времетраењето, локациите за посета, правците на патување, техничката организација и начинот на финансирање.

*Имајќи ги во предвид наведените податоци, Бирото за развој на образованието смета дека Вашите Програми за изведување на ученички екскурзии се во согласност со позитивните законски прописи и Правилникот за реализација на екскурзии, излети и други ученички активности и истите можат да се реализираат.*

Со почит,

Изготвил: м-р Татјана Лазарова Осоговска, советник

22.11.2024 година, Кочани

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
РАЈКО ЖИНЗИФОВ
REPUBLIKA SJEVERNA MAKEDONIJA
OPŠTINSKA OSNOVNA ŠKOLA
RAJKO ŽINZIFOV

Бр. / Br. 02-29/3
29.01 2025 год. / god.
Горно Оризари-Велес / Gornje Orizare-Veles

*ООУ„Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес*

Врз основа на член 7 од Правилникот за екскурзии,излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта,Советот на родители при ООУ „Рајко Жинзифов“Г.Оризари,Велес на состанокот одржан на ден 29.01.2025 година го даде следното:

# МИСЛЕЊЕ

**за одобрување и давање позитивно мислење за ПРОГРАМИТЕ за ученички екскурзии и излети за учебната 2024/2025 година**

1.Советот на родители согласно член 7 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии,излети и други вонучилишни активности,дава позитивно мислење за одобрување за реализација на Програмите за ученички екскурзии и излети во учебната 2024/2025 година, бидејќи ги исполнуваат критериумите и одредбите кои се пропишани според Правилникот.

2.Советот на родители предлага да се пристапи кон спроведување на постапката за реализирање на Програмите за организација и изведување на екскурзиите и излетите во учебната 2024/2025 година.

Доставено до:
- ООУ„Рајко Жинзифов“Г.Оризари,Велес
- Совет на Општина Велес
- Архива

Претседател
на Совет на родители
Мирфан Вејсиловиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
РАЈКО ЖИНЗИФОВ
REPUBLIKA SJEVERNA MAKEDONIJA
OPŠTINSKA OSNOVNA ŠKOLA
RAJKO ŽINZIFOV

Бр. / Br. 02-437/3
30.10 2024 год. / god
Горно Оризари-Велес / Gornje Orizare-Veles

# Програма
## за реализација на слободна активност на учениците-излет за учениците од I и II одд во учебната 2024/2025 година

| | |
|---|---|
| Вид на излетот | Наставно -рекреативен |
| Ученици | Прво и второ одделение |
| Реализација | Април-Мај 2025год. |
| Раководители | Секој одделенски раководител |
| Локација | Градски парк, Велес |
| Времетраење на резлизација | Еднодневен |
| Релација | Г.Оризари-Велес - Градски парк – Велес - Г.Оризари |
| Воспитно-образовни цели на излетот | ❖ Запознавање на учениците со природните богатства и историските знаменитости во блиската околина;<br>❖ Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики; |
| Задачи | ➢ изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;<br>➢ развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;<br>➢ развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;<br>➢ социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;<br>➢ запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето. |
| Претставник од родители | Мирза Ибрахимовиќ |
| Техничка организација | Превозно средство-автобус |
| Начин на финансирање | Самофинансирање од страна на родителите |

Одговорни наставници: Весна Сиљановска ____________

Фарие Мемедова ____________

Директор
Тања Николова
____________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
РАЈКО ЖИНЗИФОВ
REPUBLIKA SJEVERNA MAKEDONIJA
OPŠTINSKA OSNOVNA ŠKOLA
RAJKO ŽINZIFOV

Бр. / Br. 02-437/1
30.10 2024 год. / god
Горно Оризари-Велес / Gornje Orizare-Veles

# Програма
## за реализација на слободна активност на учениците-екскурзија за учениците од III,VI и IX одделение во учебната 2024/2025 година

| | |
|---|---|
| Вид на екскурзијата | Наставно - рекреативна |
| Реализација | Мај 2025 год. |
| Раководители наставници | Весна Јанковска, Амра Хоџиќ, Кирил Унев |
| Локација | Колешински водопади,Смоларски водопади, Плоштад Струмица, Градски парк Струмица |
| Времетраење на резлизација | Еднодндевна |
| Релација | Г.Оризари-Велес-Струмица- Велес-Г.Оризари |
| Воспитно-образовни цели на екскурзијата | ❖ Запознавање на учениците со природните богатства и историските знаменитости на нашата земја;<br>❖ Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделени краеви во државата;<br>❖ Запознавање со индустриско-земјоделските капацитети во согласност со содржините на наставниот план и програма. |
| Задачи на екскурзијата | ➢ изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;<br>➢ развивање интерес за природата и градење еколошки навики;<br>➢ развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;<br>➢ развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;<br>➢ социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе. |
| Претставник од родители | Суад Мавриќ |
| Техничка организација | Превозно средство- автобус |
| Начин на финансирање | Самофинансирање од страна на родителите |

Одговорни наставници: Весна Јанковска В. Јанковска

Амра Хоџиќ АХоџиќ

Кирил Унев

Директор
Тања Николова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
РАЈКО ЖИНЗИФОВ
REPUBLIKA SJEVERNA MAKEDONIJA
OPŠTINSKA OSNOVNA ŠKOLA
RAJKO ŽINZIFOV

Бр. / Br. 02-437/2
30.10 2024 год. / god
Горно Оризари-Велес / Gornje Orizare-Veles

# Програма

## за реализација на слободна активност на учениците-излет за учениците од IV,V, VII и VIII одделение во учебната 2024/2025 год.

| | |
|---|---|
| Вид на излетот | Наставно -рекреативен |
| Ученици | IV,V, VIIи VIII одделение |
| Реализација | Април-Мај 2025 год. |
| Раководители | Секој одделенски раководител |
| Локација | Плоштад Скопје, Музеј на македонската борба, ЗОО, Градски парк Скопје |
| Времетраење на резлизација | Еднодневен |
| Релација | Г.Оризари-Велес-Скопје- Велес-Г.Оризари |
| Воспитно-образовни цели на излетот | ❖ Запознавање на учениците со природните богатства и историските знаменитости во блиската околина;<br>❖ Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики; |
| Задачи | ➢ изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;<br>➢ развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;<br>➢ развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;<br>➢ социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;<br>➢ запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето. |
| Претставник од родители | Јасмина Шатара |
| Техничка организација | Превозно средство-автобус |
| Начин на финансирање | Самофинансирање од страна на родителите |

Одговорни наставници: Ана Јанушева ____

Зилха Биберовиќ ____

Менка Андреева ____

Анита Мечкаровска ____

Директор
Тања Николова
____

Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и („Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а во согласност со член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и Правилникот за дополнување на правилникот за начинот за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-11297/1 од 15.10.2020 година

Советот на Општина Велес на 62-та седница одржана на____03.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање мислење на Програма за ученички екскурзии и излети за учебната 2024/2025 година на ООУ „Рајко Жинзифов"-Г.Оризари**

1.Советот на Општина Велес, на својата седница ја разгледа Програмата за реализација на ученички екскурзии и излети за учебната 2024/2025 година на ООУ „ Рајко Жинзифов"-Г.Оризари и дава:

**ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

2. Решението ќе биде доставено до Училишниот одбор на ООУ „Рајко Жинзифов" - Г.Оризари, за понатамошно постапување.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на ООУ „ Рајко Жинзифов“ - Г.Оризари доставени се: Програма за реализација на ученички екскурзии и излети за учебната 2024/2025 година на ООУ „Рајко Жинзифов“, Позитивно мислење од Бирото за развој на образованието бр.09-10/156 од 26.11.2024 година и мислење бр.02-29/3 од 29.01.2025 година за одобрување давање позитивно мислење за програмите за ученички екскурзии и излети за учебната 2024 година.

Согласно член 42 став 1 од Законот за основно образование(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20 и 3/25), училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

Во Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година во член 7 е регулирано дека за секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, која ја изработува стручен тим, одделно мислење дава Советот на родители на училиштето и Советот на Општината, по претходно позитивно мислење од Бирото за развој на образованието.